

## ПРИЗНАВАЊЕ НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ОД ВСЕЛЕНСКАТА ПАТРИЈАРШИЈА

според историскиот развој на Македонската православна црква (денес Македонската православна црква - Охридска архиепископија), пред самиот крај на војната, во 1944 година во селото Горно Врановци, Велешко, беше формиран Иницијативен одбор за нејзино организирање. Во март 1945 година во Скопје, е одржан Првиот црковно-народен собор, на кој е донесена Резолуција за обновување на Охридската архиепископија, како Македонска православна црква. Оваа одлука била доставена и до Архиерејскиот собор на Српската православна црква (СПЦ), бидејќи пред војната, епархиите во делот на Вардарска Македонија беа во составот на Обединетата православна црква на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна - Српска православна црква.

Тогаш Архиерејскиот собор на СПЦ не ја прифати оваа одлука, заради тоа што во своите понатамошни барања, Иницијативниот одбор истапува со одредени редукции: наместо само како автокефална, бара да биде признаена како самостојна Црква. Но, повторно не наидува на одобрување. Во 1958 година во Охрид, е одржан Вториот македонски црковно-народен собор, каде што е прифатен предлогот за обнова на Свети-Климентовата Охридска архиепископија, олицетворена во самостојната Македонска православна црква, а за нејзин прв епископ беше избран г. Доситеј.

Притоа, Архиерејскиот собор на СПЦ се согласи со одлуките на Македонскиот црковно-народен собор, во одлуката АС. бр. 47/1959 година и 6/1959 година зап. 57 од 17/4 јуни 1959 година. Таквата Одлука за самостојност на Македонската православна црква (МПЦ) беше потврдена преку отслужувањето на заедничка архиерејска литургија со српскиот патријарх Герман, на 19 јули 1959 година во црквата на „Свети Мина“ во Скопје, и е извршена и хиротонија на преспанско-битолскиот владика Климент.

Со тоа, Светиот архиерејски синод на СПЦ ѝ дал самостојност на Македонската православна прква, со тоа што таа и понатаму останува во канонско единство со СПЦ преку нејзиниот Патријарх. По неколку дена во црквата „Свети Никола“ во Штип е хиротонисан за владика на Злетовско-струмичката епархија г. Наум. Конституиран е Синодот на МПЦ според Уставот на Македонската православна црква како и другите административни органи и тела во Архиепископијата и во епархиите.

□□□□□□





[illegible]



**Пишува: СЛАВЕЈ КАТИН**